**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0803 – 344/6**
**Скопје, 19/05/2009 година**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за 2007 година, кои се прикажани на страните 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи за Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- ✓ Ивица Георгиевски - директор.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 12 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.12.2008 година до 15.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
  - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
  - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции.
Веруваме дека извршената ревизија обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката приходи наплатени од органи на Агенцијата за млади и спорт на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Агенцијата за млади и спорт, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Ревизијата смета за потребно да укаже**

Агенцијата исплатила средства во износ 112 илјади денари за изнајмување простор за складирање на компјутерска опрема, набавена во 2006 година за опремување на Вавилон центрите. Проектот од Светска банка за опремување на Вавилон центрите е веќе завршен, а опремата сеуште не е распределена. Со цел да се избегне ризикот од губење на употребната вредност на опремата и намалување на непродуктивните трошоци за складирање на истата, да се преземат мерки за распределување на опремата.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 2,164 | 4,967 |
| **Вкупно приходи** | **2,164** | **4,967** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 188 | 532 |
| **Вкупно тековни расходи** | **188** | **532** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 8 | 2,271 |
| **Вкупно капитални расходи** | **8** | **2,271** |
| **Вкупно расходи** | **196** | **2,803** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,893 | 2,164 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,893** | **2,164** |
| **Вкупна актива** | **1,893** | **2,164** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1,893 | 2,164 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,893** | **2,164** |
| **Вкупна пасива** | **1,893** | **2,164** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;* *Овластен државен ревизор*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*